# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ООУ „РАДЕ КРАТОВЧЕ“ – КОЧАНИ ЗА ПЕРИОДОТ 2019-2021 ГОДИНА

## Подрачје 1. Наставни планови и програми

**Резултати:**

**Јаки страни:**

Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и истите се реализираат во пропишаниот обем. Училиштето редовно ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, за целите на наставните планови и програми што се реализираат. Со учениците кои поспоро напредуваат секој наставник прилагодува дел од наставната програма за определен час кога има потреба и работи индивидуално со тој ученик/ци. Училиштето нуди три (3) изборни предмети, а постапката за избор на наставни предмети се применува во целост.

Постојат добри примери на меѓупредметно интегрирање на целите на наставата, посебно во одделенска настава.

Голем број од учениците учествуваат во слободните ученички активности и во други вонnаставни активности.

Учениците работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и постигнуваат солидни успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и регионално ниво.

**Слаби страни:**

Со наставниот план за деветгодишно образование не се предвидени слободни ученички активности.

Послаба меѓупредметна корелација при планирањето и реализирањето на наставните содржини во предметна настава.

Училиштето нема вработено дефектолог кој ќе биде од помош во работата со учениците со потешкотии.

Оптовареност на учениците со неделниот фонд часови и со обемните содржини по наставните предмети

Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**

Вклучување на учениците при изработката на програмите за работа.

Изработка на дел од планирањата за настава како интегрирани програми од повеќе области/предмети во предметна настава.

Прилагодување на наставните содржини согласно индивидуалните способности на учениците во насока на делумно растоварување на учениците.

Покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми

## Подрачје 2. Постигања на учениците

**Резултати:**

**<u>Јаки страни:</u>**

Постигнувањата на учениците во рамките на училиштето се следат и соодветно се вреднуваат. При појава на негативен тренд во рамките на постигањата се превземаат активности истиот да биде спречен.

Родителите се редовно информирани за постигањата на учениците.

Создадена е стимулативна средина во која учениците сакаат да учат и напредуваат.

Сите постигања на ученици се постирани на веб страната на училиштето.

**<u>Слаби страни:</u>**

Недоволна мотивираност кај учениците за посетување на дополнителната настава.

Систематски не се следи напредокот на учениците со потешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни образовани потреби.

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**

Зголемена мотивација на послабите ученици за посета на дополнителната настава (делумна индивидуализација на дополнителната настава).

Систематско следење на напредокот на учениците со потешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни образовани потреби.

## Подрачје 3. Учење и настава

**Резултати:**

**<u>Јаки страни:</u>**

Навремена изработка на годишните глобални планирања.

Наставници имаат слобода при планирање на нивната работа, со можност за флексибилност за целосно остварување на поставените цели.

Систематско следење на планирањата од страна на директорот и педагошко-психолошката служба.

Транспарентност при оценувањето и соопштувањето на оценките на учениците и родителите.

Во училиштето постои добра интеракција меѓу учениците и наставниците.

Обезбедени нови наставни средства и помагала за примена во наставата.

**Слаби страни:**

Послаба примена од страна на сите наставници на посовремени методи и форми во наставата: групна настава, истражувачка настава, практични часови, проблемска настава, настава согласно стиловите на учење на учениците и сл.

Поконкретни дневни планирања, посебно во предметна настава.

Нема интегрирање на содржини по различни предмети во предметна настава.

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**

Доопремување со нови современи нагледни средства и помагала.

Организирање на дополнителни обуки и семинари, за примена на нови пристапи при планирањето и реализацијата на наставата.

Унапредување на следењето на наставата и учењето во училиштето**.**

## Подрачје 4. Поддршка на учениците

**Резултати:**

**Јаки страни:**

Еднаквост и правичност на сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалниот статус, за учениците со различни способности.

Не постои психичко или физичко малтретирање на ученик од страна на ученик, наставник или друго лице.

Има изготвен оперативен план за заштита и спасување од пожари и елементарни непогоди.

Има тимови наставници кои се обучени за давање на прва помош и тимови за делување при било какви елементарни непогоди.

Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигнувањата на учениците.

Родителите навремено се известуваат за проблеми со нивните деца од настава или напредување и слаб успех.

Соработка со Центарот за социјални грижи и Црвен крст.

**Слаби страни:**

Нема вработено дефектолог за работа со учениците со посебни потреби.

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**

Вклучување на дефектолог во работата на децата со посебни потреби и потешкотии во учењето.

Прилагодување на училиштето за ученици со телесни пречки.

## Подрачје 5. Училишна клима

**Резултати:**

**Јаки страни:**

Во училиштето владеат добри меѓучовечки односи.
Добра соработка меѓу наставниците, стручната служба и директорот.
Меѓунационалните односи задоволуваат.

**Слаби страни:**

Слаба посетеност на родителските средби.

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**

Зголемен буџет на училиштето
Зголемена соработка со родителите, локалната заедница, деловниот сектор и др.

## Подрачје 6. Ресурси

**Резултати:**

**Јаки страни:**

Училиштето има обезбедено доволно наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес.
Стручен, ефикасен и соодветен кадар.

**Слаби страни:**

Недостаток на нагледни средства и дидактички материјали.
Не постои фискултурна сала за изведување на наставата по ФЗО.
Во подрачното училиште во с. Нивичани санитарните јазли не ги задоволуваат потребните стандарди.

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**

Барање за реконструкција, реновирање или изградба на нови санитарни јазли.
Барање за изградба на фискултурна сала.
Набавка на стручна литература, литература за деца и нагледни средства и технички помагала.
Стручно усовршување на наставниот кадар во насока на начините на задоволување на специфичните потреби кај учениците.

**Подрачје 7. Управување, Раководење и креирање политика**

| **Резултати:** |
|---|
| **<u>Јаки страни:</u>**<br>Почитување на статутарните и деловничките обврски во работење на училишниот одбор при донесувањето на одлуки.<br>Транспарентност во работата на Училишниот одбор.<br>Организирано раководство.<br>Почитување на законските прописи при донесувањето важни документи и при планирањето на ВОР.<br>Добро извршена самоевалуација и успешно идентификувани развојни цели во планот за развој на училиштето.<br>Отворена комуникација и соработка на директорот со наставниот кадар и родителите. |
| **<u>Слаби страни:</u>**<br>Потребни се повеќе финансиски средства за да се во целост реализира Визијата на училиштето.. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**<br>Унапредување на соработката со Основачот – Општина Кочани, родителите и заедницата.<br>Зголемено учество на наставниците во изработката на Самоевалуацијата, Годишната програма за работа и Програмата за развој на училиштето. давање предлози и идеа за подобрување на овие документи. |

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

Марија Филипова – училишен педагог _________________

Татјана Тодорова – одделенски наставник ______________

Марија Атанасова – предметен наставник ______________

Елена Пантова – предметен наставник _________________

Зоран Стоилов – член на Совет на родители ____________